Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и члн 25 точка 4 од Статутот на Општина Старо Нагоричане (Службен гласник на Општина Старо Нагоричане бр.9/04) и член 34 став 1 од Законот за финасирање на единиците на локална самоуправа (Сужбен весник на РМ бр.61/2004...209/2008), Советот на Општината Старо Нагоричане на својата 55-та седница одржана на ден 15.03.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За усвојување на годишен извештај**
**на Општина Старо Нагоричане за 2020 година**

**Член 1**

Советот на Општина Старо Нагоричане го усвои годишниот извештај на Општина Старо Нагоричане за 2020 година, доставен од страна на Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане и презентиран од страна на Одделение за финансиски прашања при Општина Старо Нагоричане.

**Член 2**

Годишниот извештај на Општина Старо Нагоричане за 2020 година е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане да ја спроведе одлуката.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

**Бр.08-227/7**
**15.03.2021 година**

**Совет на Општина Старо Нагоричане**
**Претседател,**
**Јовица Јанчиќ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ ЗА 2020 година

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа „Службен весник на РМ" број 5/2002 и член 25 од Статутот на ЕЛС Старо Нагоричане, како и Законот за финасирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/09, 47/11 192/15, 209/18 и („Службен весник на РСМ" 244/19) по истекот на фискалната година се изготвува завршна сметка која се доставува до Совет на Општината и до Министерство за финасии.

Буџетот на Општина Старо Нагоричане за 2020 година изнесува 121.048.000,00 денари. Советот на Општината го има донесено на 27.12.2019 година заведен под број 08-1132/9. Во текот на годината има направено четири Одлуки за измена на распоред на средства на Буџетот на општина Старо Нагоричане и тоа под број 08-377/3 од 30.04.2020 година, број 03-410/14 од 29.05.2020 година, број 08-715/6 од 28.09.2020 година и број 08-941/15 од 27.11.2020 година и две Одлука за проширување на средства на Буџет на Општина Старо Нагоричане за 2020 година број 08-469/8 од 26.06.2020 година и број 08-687/9 од 09.09.2020 година.

Во текот на годината немаше Ребаланс на Буџетот на Општина Старо Нагоричане.

Завршната сметка на Буџет на ЕЛС Старо Нагоричане за 2020 година која се доставува до Министерство за финасии се состои од фискална табела, Биланс на планирани и реализирани приходи на ниво на ставки и Биланс на планирани и реализирани расходи на ниво на ставки и посебен дел кој ги опфаќа планираните расходи и реализираните расходи по програми. Додека завршната сметка која се доставува до Централниот регистар и Државен завод за ревизија –Скопје ги содржи реализираните приходи и расходи во тековната и во претходната година за сите сметки поодделно.

Вкупните планирани приходи на сите сметки во буџетот изнесуваат 121.577.000,00 денари, а реализирани приходи изнесуваат 118.464.600,00 денари. Реализирани расходи по сите сметки изнесуваат 101.785.392,00 денари. Разлика помеѓу остварените вкупни приходи и приливи и реализираните расходи и одливи на консолидираниот Буџетот во износ од 21.062.672,00 денари се пренесува како прилив за 2021 година.

Покрај редовните сметки (буџетска сметка, сметка на орган на општина Старо Нагоричане, блок дотации, самофинасирачки активности, сметка на донации) преку кои се спроведува финансиското работење, општината има отворено и наменски сметки кои на крајот од годината располагаат со соодветно салдо:

-наменска сметка-агенција за државни патишта салдо со 31.12.2020г.износ од 0,00ден.

- наменска сметка-биро за регионален развој со салдо 31.12.2020.г. износ од 350.000,00ден.

- наменска сметка - сметка за јавни работи со салдо на 31.12.2020г. износ од 0,00ден

**Учеството во вкупните приходи по одделни сметки е следно**:

- сметка на Основен буџет учествува во вкупните приходи со 49%;
- сметка на блок дотации во вкупните приходи учествува со 38% ;
- сметка на самофинансирачки активности во вкупните приходи учествува со 0,2%;
- сметка на донации во вкупните приходи учествува со 13%.

1. **ПРИХОДИ НА ОПШТИНА**

**а.Приходи на основниот буџет**

На сметка на Основниот Буџет на Општината планирани се и реализирани следните приходи за 2020 година, а исто така се прикажани реализирани приходи од 2019 година.

| **ПРИХОДИ** | **Планирано** 2020 | **Реализирано** 2020 | **%на реализа.** 2020 | **реализирано** 2019 |
|---|---|---|---|---|
| **71- Даночни приходи** | **15.426.000** | **8.517.925** | 55 | **10.524.419** |
| 711 –данок од доход | 350.000 | 276.483 | 79 | 156.421 |
| 713- данок на имот | 10.246.000 | 4.349.862 | 42 | 6.636.958 |
| 717-даноци на спцифични услуги | 4.810.000 | 3.891.580 | 81 | 3.731.040 |
| 718-Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 20.000 | 0 | 0 | 0 |
| **72- Неданочни приходи** | **660.000** | **384.507** | 58 | **331.125** |
| 722-Такси надоместоци | 300.000 | 217.647 | 43 | 171.270 |
| 723-Административни такси и надомесроци | 0 | 0 | 0 | 7.000 |
| 724-Други владини услуги | 50.000 | 0 | 0 | 0 |
| 725-Други неданочни услуги | 310.000 | 166.860 | 49 | 152.855 |
| **73-Капитални приходи** | **3.800.000** | **7.281.471** | **192** | **2.348.584** |
| 731-Продажба на капитални средства | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 3.800.000 | 7.281.471 | 192 | 2.348.584 |
| **74-Трансвери и донации** | **48.885.000** | **47.680.512** | **98** | **44.563.095** |
| 741-Трансвери од други нивоа на власт | **48.885.000** | **41.213.500** | 84 | **44.563.095** |
| 742-Други општи и тековни донации | **0** | **6.467.012** | **/** | **0** |
| | | | | |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **68.771.000** | **63.864.415** | 93 | **57.767.223** |

Вкупни планирани приходи на основниот буџет изнесуваат во апсолутен износ **68.771.000,00** денари и истите се остварени со 93%. Приходите на Основниот буџет се состојат од сопствени приходи и трансфери и донации. Сопствени приходи се даночни приходи, неданочни приходи и капитални приходи и истите во апсолутен износ 16.183.903,00 денари додека процентот на извршување со планираните сопствени приходи изнесува **81%**, а учеството на сопствените приходи во реализираните вкупни приходи на основниот буџет изнесува **25%**.

Во категорија **даночни приходи** влегува приходи од персонален данок од доход, данок на имот, данок од промет на недвижности и права, данок од наследство и подарок, локални комунална такса за истакната фирма, комунална такса за користење на улици со патнички и товарни, друмски и приклучни возила, комунална такса за користење и одржување на улично осветлување и надоместок за уредување на градежно земјиште, кои такси општинските органи ги наплатуваат од извршувањето на своите надлежности во рамките утврдени со закон. Процентот на извршување е 55% од планираните.

Во категорија на **неданочни приходи** влегуваат административни такси кои се плаќаат за списите кај органите на општината, закупнина од објекти и други неданочни приходи.

Во категорија на **капитални приходи** влегуваат приходи од нематеријални вложувања-надоместоци за концесија за експлотација на минерални суровини и по основ на простор и по основ на експлотација на минерална суровина и надоместок за детални геолошки истражувања и надоместоци по основ на легализација на бесправно изградени објекти. Капиталните приходи изнесуваат **7.281.471,00 денари** или **192%** од планираните.

Следната категорија на приходи се **трансфери и донации со 98%** од планираните, додека во вкупните приходи на Основниот буџет учествуваат со **75%** или во апсолутен износ изнесуваат **47.680.512,00** денари.

Во истите приходи влегуваат трансфери од буџет на РСМ и фондови во износ од 3.562.044,00 денари, дотации од приход од ДДВ во износ од 18.828.793,00 денари.

## б) Приходи од блок дотации

Приходи од блок дотација кои се трансферираат од Министерството за образование преку Министерство за финасии за основните училишта се во износ од 45.169.110,00 денари или 100% во однос на планираните.

## в) Приходи од самофинансирачки активности

Приходи од самофинасирачки активности изнесуваат 233.097,00 денари тоа се сопствени приходи на училиштата по разни основи.

## г) Приходи остварени од донации по проекти

Приходи остварени од ИПА проект "Изградба на мост на туризам – спој на заедничко културно наследство" (Враќање на средства на општина Рила Р.Бугарија износ од 5.779.113,00 денари и вратени средства во износ од 6.467.012,00 денари во основен буџет на општина Старо Нагоричане), Проект во ООУ„Светозар Марковиќ" Старо Нагоричане во соработка со Јапонска амбасада износ од 3.174.235,00 денари и проект во соработка со УНДП- Општинско корисна работа во износ од 296.400,00 денари.
Вкупен износ на приходи од донации е 15.716.760,00 денари.

## 2.РАСХОДИ НА ОПШТИНАТА

Расходната страна на Буџетот на Општината Старо Нагоричане се планира согласно законските прописи и програмското планирање. Расходните ставки на Основниот Буџет на Општината Старо Нагоричане можат да се прикажат по видови и по сметки и по програми.

Вкупно планирани расходи изнесуваат 124.396.000,00 денари, додека реализираните расходи во апсолутен износ изнесуваат 101.785.392,00 денари или 82% од планираните.

Учество на расходите по сметки во вкупните реализирани расходи на Општината Старо Нагоричане е следно:

-расходи на сметка на основен буџет со 47%;
- расходи на сметка на блок дотација со 44% ;
- расходи на сметка на самофинасирачки активности 0,2%;
- расходи на сметка на донации 9%

## а) Расходи на основниот буџет - буџетска сметка

На сметка на Основниот буџет на Општината Старо Нагоричане прикажани се планирани и реализирани следните видови на расходи за тековната година 2020 и реализирани расходи за 2019 година.

| ВКУПНИ РАСХОДИ | Планирани расходи 2020 | Реализирани расходи 2020 | %на реализ. расходи | Реализир. расходи 2019 |
|---|---|---|---|---|
| **40 Плати наемнини и надоместоци** | **16.064.000** | **13.357.695** | **83** | **13.675.447** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 10.619.000 | 8.667.869 | 82 | 9.053.865 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 4.045.000 | 3.363.996 | 83 | 3.431.725 |
| 404 Надоместоци | 1.400.000 | 1.325.830 | 95 | 1.189.857 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **350.000** | **165.730** | **47** | **276.759** |
| 412 Постојана резерва(непредвидливи расходи) | 300.000 | 153.331 | 51 | 227.936 |
| 413Тековнирезерви(разновидни расходи) | 50.000 | 12.399 | 25 | 48.823 |
| **42 Стоки и услуги** | **15.690.000** | **11.834.709** | **75** | **30.154.888** |
| 420 Патни и дневни расходи | 210.000 | 19.455 | 9 | 47.350 |
| 421Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт | 5.220.000 | 4.563.429 | 87 | 5.474.695 |
| 423Ситенинвентар,алатидруги материјали за поправки | 610.000 | 466.019 | 76 | 1.081.189 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 5.395.000 | 4.667.262 | 87 | 6.206.911 |
| 425 Договорни услуги | 1.980.000 | 486.984 | 25 | 14.157.222 |
| 426 Други тековни расходи | 825.000 | 453.002 | 55 | 2.383.011 |
| 427 Привремени вработувања | 1.450.000 | 1.178.558 | 81 | 804.510 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **46 Субвенции и трансфери** | **1.070.000** | **503.918** | **47** | **725.573** |
| 463Трансфери до невладени организации | 180.000 | 60.000 | 64 | 100.307 |
| 464 Разни трансфери | 890.000 | 443.918 | 80 | 625.266 |
| **47 Социјални бенефиции** | **200.000** | **140.674** | **70** | **173.339** |
| 471 Социјални надоместоци | 200.000 | 140.674 | 70 | 173.339 |
| **48 Капитални расходи** | **35.397.000** | **21.334.606** | **60** | **7.077.422** |
| 480 Купување на опрема и машини | 170.000 | 74.740 | 44 | 836.845 |
| 481 Градежни објекти | 100.000 | 100.000 | 100 | 32.806 |
| 482 Други градежни објекти | 34.387.000 | 20.783.898 | 60 | 5.887.477 |
| 483 Купување на мебел | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 420.000 | 59.072 | 14 | 3.398 |
| 486 Купување на возила | 320.000 | 316.896 | 99 | 316.896 |
| **49 Отплата на главница** | **0** | **0** | **0** | **5.500.000** |
| 492Отплата на главница кон дом.институции | 0 | 0 | 0 | 5.500.000 |
| **45 Каматни плаќања** | **0** | **0** | 0 | **201.447** |
| 452 Каматни плаќања кон домашни кредитори | 0 | 0 | 0 | 201.447 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **68.771.000** | **47.337.332** | **69** | **57.784.875** |

-**Категорија** 40 - Расходи на име **плати и надоместоци** во вкупните расходи на Основниот буџет учествуваат со **28%** и истите изнесуваат **13.357.695,00** денари. Расходи на име резерви и недефинирани расходи изнесуваат **165.730,00** денари (исплати по заклучоци од Совет во износ од 153.331,00 денари и од Програма на Градоначалник износ од 12.399,00 денари).

-**Категорија стоки и услуги** 42 се трошоци кои се однесуваат за тековното работење на општината и истите во апсолутен износ изнесуваат **11.834.709,00** ден.или 75% од планирани. Оваа категорија на трошоци во вкупни реализирани расходи на основен буџет учествуваат 25% и ги опфаќаат следните расходи:

-**Патни и дневни трошоци ставка 420**- се однесуваат на патни трошоци и дневници во странство износ од 19.455,00 денари, и тоа од Програма на општинската администрација 19.455,00 денари на име патни расходи во земја.

-**Во ставка 421- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** која изнесува **4.563.429,00** денари спаѓаат следните трошоци:

- електрична енергија за општинската зграда и уличното осветлување во износ од 3.075.991,00 денари,
-трошок за вода во износ 171.493,00 денари,
-ѓубретарина износ од 118.713,00денари,
-телефонски услуги во износ од 402.436,00денари,
-трошок за гориво во износ 388.568,00денари,
-трошоци за материјали за греење износ од 214.629,00денари,
-трошок за регистрација на возила износ од 42.941,00денари,

-поштенски трошоци износ од 140.366,00денари,
-дрва износ од 1.992,00 денари,
-транспорт на луѓе износ од 6.300,00 денари.
-**Ставката 423 изнесува 466.019,00** денари и ги опфаќа следните трошоци:
- канцелариски материјали, материјали за АОП, списанија износ од 226.397,00 денари,
-прехрамбени продукти и пијалоци износ од 67.955,00 денари,
-средства за одржување на хигиена износ од 81.669,00 денари,
-други материјали во износ од 89.998,00 денари.
-**Ставка 424 - Поправка и тековно одржување како трошок изнесува 4.667.262,00 денари** и ги опфаќа следните видови на трошоци:
-поправка, одржување и сервисирање на лесни возила вклучувајќи ги и резервни делови и гуми во износ од 103.266,00 денари,
-услуги за обезбедување на објект износ од 29.500,00 денари,
-поправка и одржување на друга опрема износ од 17.514,00 денари,
-дезинфекција, дезинсекција и дератизација износ од 30.750,00 денари,
-поправка и одржување на улично осветлување и други градби во износ 1.188.883,00денари,
-поправка и сервисирање на софтверска опрема во износ од 127.765,00 денари,
-одржување и делумна поправка на локални патишта(летно и зимско одржување на патишта) износ од 3.135.400,00 денари,
- одржување на зграда и друга опрема износ од 34.184,00 денари.
-**Категорија на договорни услуги ставка 425 изнесува 486.984,00 денари** и во истите влегуваат следните видови на трошоци:
- осигурителни услуги за недвижности и права и моторни возила во износ од 65.863,00 денари,
- правни услуги во износ од 179.199,00 денари,
- судски вештачења и судски такси износ од 98.320,00 денари,
-услуги за копирање, печатење и издавање во износ од 40.001,00 денари,
- договорни услуги (ангажирање на физички лица по договор за дело) во износ од 70.001,00 денари,
-други здравствени услуги износ од 33.600 денари.
-**Во ставка 426-Други тековни расходи вкупен износ изнесува 453.002,00 денари** спаѓаат следниве видови на трошоци :
-расходи за репрезентација во износ од 117.066,00 денари,
-други оперативни расходи во износ од 160.747,00 денари во кои спаѓаат:реклами, нотарски услуги, катастарски услуги, надоместок за завршна сметка, цвеќе, плаќање на токен,
-семинари и конференции износ од 41.077,00 денари,
-објавување на огласи 46.993,00 денари,
-членарини во домашни организации износ од 87.119,00 денари.
-**Ставка 427- привремени вработувања** изнесува 1.178.558,00 денари.

-**Субвенции и трансфери:**
–**ставка 463** - се со реализација 33% од планираните и во апсолутен износ изнесуваат **60.000,00** денари и тоа:
-трансфери до здруженија на граѓани износ од 30.000,00 денари (ЗГ„ЕКО-ТИМ“Старо Нагоричане)
-трансфери до спортски клубови износ од 30.000,00 денари (ФК„КОЗЈАК“Старо Нагоричане).
-**ставка 464** – се со реализација 50% од планираните и во апсолутен износ изнесуваат **443.918,00** денари и тоа:
- стипендии за студенти во износ од 151.113,00 денари,
-трансфери при пензионирање износ од 159.016,00 денари,
-други трансфери (патронати на ооу и друго) во износ од 133.789,00 денари.

## д)Расходи од сметка на донации

Вкупно расходи од сметка донација износ од 9.212.657,00 денари.

-Во 2020 година направени се расходи по проект „Изградба на мост на туризам спој на заедничко културно наследство" финасиран од ИПА фондовите на Европската унија и тоа во вкупен износ од 5.741.422,00 денари, средствата се вратени на општина Рила Р.Бугарија.

-По проектот „Про креирање можности за сите" Општинско корисна работа – Резултат 2, во соработка со УНДП и општина Старо Нагоричане се реализирани расходи во износ од 297.000,00 денари и тоа за договорни услуги за надоместок на пет ангажирани лица во проектот.

-ООУ„Светозар Марковиќ" Старо Нагоричане има добиено проект финансиран од Јапонска амбасада, за што се направени расходи во износ од 3.174.235,00 денари и тоа за купување на опрема за греење и климатизација.

## 3.Извештај за средства, побарувања, обврски и извори на средства и нивна вредност - сметка орган и буџет на општина

При изготвување на завршната сметка за 2020 година, освен Билансот на приходи и расходи се изготвува и Билас на состојба во кој се искажуваат средствата и изворите на средствата, односно во Актива се искажуваат средства со кои располага општината, а во Пасива се искажуваат извори на средствата. Општината располага со постојани средства-материјални средства со сегашна вредност во износ од **323.945.779,00** денари од кои:

- материјални средства со кои располага општината во износ од 226.650.755,00 денари,
- други капитални вложувања (патишта , водоводи и игралиште ) во износ од 69.684.030,00 денари,
- општинска зграда и стара школа и задружен дом – Младо Нагоричане со сегашна вредност од 27.610.994,00 денари

-Материјални средства во подготовка во износ од 8.283.731,00 денари (водовод Младо Нагоричане, Жегљане,плоштад во Младо Нагоричане и пат во с. Сув Ора).

-Залиха на материјали и ситен инвентар во магацин со 31.12.2020 година изнесуваат 721.015,00 денари.

Вонбилансна евиденција што се води во книговодство за имот за кој општината нема имотни листови изнесува 19.250.552,00 денари (задружен дом Бајловце, Никуљане, Пелинце, Челопек, Стрезовце, како и месни заедници Руѓинце, Орах, Степанце, Пелинце, ловачки дом и двор Дејловце и др).

Вкупните побарувања состојба 31.12.2020 година изнесуваат **4.954.308,00** денари од кои :

-по основ на побарување од граѓани – данок на имот 3.333.474,00 денари за физички лица и правни лица износ од 178.892,00 денари,

- побарување од правни лица по основ на комунална такса – фирмарина 1.248.494,00 денари,
- побарувања по основ на данок на промет на недвижности износ од 98.610,00 денари и данок на наследство и подарок во износ од 94.108,00 денари,

-побарување од вработени износ од 730,00 денари.

Вкупни обврски на општината со **31.12.2020** година изнесуваат **10.984.697,00 денари** од кои :

- обврски спрема добавувачи во земја во износ од 10.806.760,00 денари
- обврски по основ на погрешно уплатени средства износ од 177.937,00 денари.

## 4.Извештај за реализација на инвестиционите програми односно – капитални расходи

Капиталните расходи (планираните) како што се искажани во прегледот изнесуваат **35.397.000,00** денари на сметка на основниот буџет, а се остварени во износ од **21.334.606,00** денари односно **60%** од планираните.

**- Капиталните расходи ги сочинуваат следните инвестиции:**
-купување на друга опрема износ од 74.740,00 денари,
-реконструкција на деловни објекти износ од 100.000,00 денари (за спортска сала во ООУ„Христијан Т.Карпош" Драгоманце,
-подготвување на проекти за патишта износ од 900.160,00 денари,
-изградба на патишта износ од 19.746.181,00 денари (Арбанашко – Дејлов Преслап, изведувач „Жикол" Струмица износ од 11.953.366,00 денари, Бајловце – Цвиланце, изведувач „Евроинжинеринг" Велес износ од 6.869.297,00 денари, тампон во маала Бузинци Младо Нагоричане, изведувач „Билдинг" Скопје износ од 596.894,00 денари, тампонирање на патишта во повеќе маали од страна на изведувачот „Борос" Куманово износ од 323.084,00 денари и 3.540,00 денари на „Тумба арт"Куманово за обележување на пат.)
-надзор над изградба 116.907,00 денари,
-надомест за одземен имот 59.072,00 денари,
-купување на моторно возило износ од 316.896,00 денари,
- подготвување на проекти дизајн на капацитети за водоснабдување износ од 20.650,00 денари.

## 5.Извештај за користење на финасиски средства од резерви и недефинирани расходи

**Од ставка резерва (постојана и тековна резерва) се потрошени** 47% од планираните или во апсолутен износ од **165.730,00** денари и тоа од Програма АО –Совет на Општина износ од 153.331,00 денари и Програма ДО –Градоначалник износ од 12.399,00 денари (плаќање на вода за лица со посебни потреби).

**Програма АО –Совет на Општина**

| Ред. Бр: | Име и презиме | износ | забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Далиборка Денковска | 3.333,00 | Финансиска помош |
| 2 | Мила Вилиамс | 3.333,00 | Финансиска помош |
| 3 | Стеве Величковски | 3.333,00 | Финансиска помош |
| 4 | Зоран Лазаревски | 3.333,00 | Финансиска помош |
| 5 | Чедомир Марковски | 3.333,00 | Финансиска помош |
| 6 | Дејан Алексовски | 6.667,00 | Финансиска помош |
| 7 | Оливера Митковска | 6.667,00 | Финансиска помош |
| 8 | Бранислав Тасиќ | 33.333,00 | Финансиска помош-пожар |
| 9 | Драган Симоновиќ | 33.333,00 | Финансиска помош-пожар |
| 10 | Загорка Ристиќ | 33.333,00 | Финансиска помош-пожар |
| 11 | Светозар Додевски | 3.333,00 | Финансиска помош |
| 12 | Цвеќица Стојановска | 16.667,00 | Финансиска помош |
| 13 | Стојча Каранфиловски | 3.333,00 | Финансиска помош |
| | **Вкупно** | **153.331,00** | |

Програма ДО –Градоначалник

| Ред. Бр: | Име и презиме | износ | забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Ласте Славковски | 4.133,00 | Финансиска помош |
| 2 | Весна Илиќ | 4.133,00 | Финансиска помош |
| 3 | Оливера Митковска | 4.133,00 | Финансиска помош |
| | **Вкупно** | 12.399,00 | |

**Изготвил,**
**Одделение за финасиски прашања**
**Тина Костовска**

**Дата 08.03.2021 година**